# „Не правете од вашите домови гробници, ниту од мојот гроб светилиште. Испраќајте поздрави до мене, бидејќи вашите салавати ќе ми се достават каде и да сте.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Не правете од вашите домови гробници, ниту од мојот гроб светилиште. Испраќајте поздрави до мене, бидејќи вашите салавати ќе ми се достават каде и да сте.“

[حسن] [رواه أبو داود]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, забранува домовите да се запоставуваат и да не се клања во нив, за да не се претворат во гробишта, каде што не се клања. Забранува и постојано посетување на неговиот гроб и собири околу него, бидејќи тоа може да доведе до ширк. Наредува да му испраќаме салавати и селами нему, од кој било дел на земјата, бидејќи тие ќе пристигнат до него, без разлика дали сме блиску или далеку, така што нема потреба да се оди до неговиот гроб.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3350